| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото.** | | | | | | | | | |
| | **Обезбедување соодветна инфраструктура за квалитетно монетарно одлучување и спроведување на монетарната политика** | | | | | | | | |
| **I.** | 1 | 1 | МПИ | **Унапредување на краткорочното прогнозирање на БДП со посебно внимание на расходните компоненти на БДП, на инфлацијата и на позначајни категории на билансот на плаќања.** | Редовните активности околу постоечките модели за БДП и инфлација се одвиваат постојано. | Анализа на податоците, усвојување и примена на нови економетриски техники, градба и тестирање на модели. Изработка на работен материјал посветен на моделите и пристапи за краткорочното проектирање на инфлацијата. Посебен фокус ќе биде ставен на проектирањето на одделните варијабли во билансот на плаќања. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **I.** | 1 | 2 | МПИ | **Изготвување редовни анкетни истражувања** | | Редовни анкетни истражувања заради добивање информации за одредени економски варијабли директно од економските субјекти, како важен влезен елемент при прогнозирањето на идните макроекономски текови. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **I.** | 1 | 3 | МПИ | **Изготвување и ревизија на макроекономските проекции за македонската економија.** | Активностите се одвиваат постојано. | | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **I.** | 1 | 4 | МПИ | **Ажурирање на оцената на одржливоста на надворешниот и јавниот долг согласно со методологијата на ММФ.** | Инфраструктурата е поставена, се врши ажурирање. | Ажурирање на оцената на одржливоста на надворешниот и јавниот долг согласно со методологијата на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). | IV квартал | | Редовна активност |
| **I.** | 1 | 5 | МПИ | **Изготвување показатели за ранливост.** | Инфраструктурата е поставена и се врши редовно ажурирање во соработка со ДФБ и главниот економист. | Изготвување показатели за ранливоста на македонската економија и за одделни земји во регионот, што овозможува преземање рани мерки и навремено спречување на евентуални кризи.<br>Оваа програмска активност се спроведува во соработка со ДФБ и главниот економист во НБРМ. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **I.** | 1 | 6 | МПИ | **Ажурирање на анализите за основните показатели на коишто се заснова постојната монетарна стратегија.** | Инфраструктурата за економетриска оцена е поставена, се врши ажурирање. | Ажурирање на анализите за основните показатели на коишто се заснова постојната монетарна стратегија. Активноста вклучува реоценка на монетарната трансмисија преку каматни стапки и ажурирање на двата пристапа (БЕЕР и ФЕЕР) за оцена на усогласеноста на реалниот ефективен девизен курс со неговите фундаменти. | II квартал | | Редовна активност |
| **I.** | 1 | 7 | МПИ | **Изработка на повремени аналитички материјали од областа на макроекономијата.** | | Разгледување на потребната литература, создавање бази податоци и нивна анализа и изработка на материјали. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **I.** | 1 | 8 | ФП | **Воведување нова алатка за аналитички цели при монетарното одлучување.** | Остварени се консултативни разговори со надлежните вработени од ДИТ и дефиниран е работен случај. | Воспоставување аналитички прегледи за следење и систематизирање на очекувањата на поединечните пазарни учесници во процесот на анкетирање, заради поефикасно согледување на влијанието на промените во макроекономскиот амбиент врз промените на нивните ставови и согледувања. | II квартал | | Нова активност |
| **I.** | 1 | 9 | ФП | **Нов современ електронски систем за аукции на благајничките записи.** | Новиот електронски систем за благајничките записи обезбедува дополнителни функционалности коишто се согледуваат како зголемена сигурност и увид во актуелното портфолио на благајничките записи по поединечни учесници врз основа на промени на примарниот и секундарниот пазар. Новиот систем ќе биде издвоен од електронскиот систем за аукции на ДХВ. | Испитување на функционалноста и оперативноста на електронскиот систем со банките и негово операционализирање. | Среднорочн а активност | | Редовна активност |
| **I.** | 1 | 10 | ФП | **Воспоставување преглед на најновите макроекономски трендови во домашната економија, заради согледување на потребите за преземање мерки преку монетарните инструменти.** | Поставени се бази со податоци и утврдени се соодветни показатели за анализа. | Систематизирање на макроекономските показатели и толкување на најновите трендови во домашната економија за навремено согледување на потребата за преземање мерки преку монетарните инструменти. | I квартал | | Нова активност |
| **I.** | 1 | 11 | ФП | **Периодична анализа на трендовите на пазарите на пари и хартии од вредност во РМ и комуникација со банките.** | Поставени се бази со податоци, коишто ќе се систематизираат за објавување на јавната интернет-страница на НБРМ. | Периодично ќе се анализираат трендовите на пазарите на пари и хартиите од вредност во РМ, ќе се објавуваат податоци и анализи за зголемена транспарентност и подобро управување со ликвидноста на банките. | II квартал | | Нова активност |
| | **Следење на динамиката на ликвидносните текови во домашната економија и приспособување на поставеноста на монетарните инструменти** | | | | | | | | |
| **I.** | 2 | 12 | ФП | **Изготвување оперативен показател за процена на износот на интервенции на НБРМ на девизниот пазар.** | Поставени се дел од временските серии коишто се однесуваат на девизниот пазар, отворената девизна позиција на банките и нето девизната актива на банките, коишто ќе служат како влезни компоненти. | Воспоставување оперативен показател за проектирање на интервенциите на НБРМ со банките-поддржувачи на девизниот пазар, заради проценка на потребата и висината на интервенциите на НБРМ на девизниот пазар. | I квартал | | Нова активност |
| **I.** | 2 | 13 | ФП | **Анализа на ефектите од преземените мерки кај монетарните инструменти врз каматите и билансите на банките, управувањето со ликвидноста на банките и пазарот на пари во РМ.** | Ефектите од одделните мерки кај монетарните инструменти се следат на редовна основа. | Изготвување работен материјал чијашто цел е опис на сите (стандардни и нестандардни) мерки кај монетарните инструменти во периодот 2012-2015 година и нивните ефекти врз каматните стапки и билансите на банките, динамиката на управувањето со ликвидноста, како и активноста на банките на одделните сегменти на пазарите на пари. | IV квартал | | Нова активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | 2 | 14 | ФП | **Постојано следење и анализирање на макроекономските движења во земјата и во надворешното опкружување заради навремено преземање активности за ефикасно и ефективно спроведување на монетарната политика.** | | (1) Планирање на факторите коишто имаат влијание врз ликвидноста на банките;<br>(2) Интервенции преку монетарните инструменти и на девизниот пазар со банките поддржувачи;<br>(3) Следење на макроекономските показатели заради навремено согледување на потребата за преземање мерки преку монетарните инструменти, вклучително и измени кај подзаконската регулатива;<br>(4) Изготвување извештаи за ликвидноста на банките и движењата на финансиските пазари (вклучително и делот за Годишниот извештај на НБРМ);<br>(5) Анализа на резултатите од анкетите за очекувањата на пазарните учесници;<br>(6) Организирање на седниците на Комитетот за оперативна монетарна политика;<br>(7) Извршување на функцијата фискален агент преку организирање и спроведување аукции на државни хартии од вредност;<br>(8) Постојана поддршка на секундарниот пазар на хартии од вредност преку воспоставување и одржување пазарна инфраструктура и соработка со пазарните учесници;<br>(9) Редовна ревизија на опфатот и вреднувањето на инструментите за обезбедување, следење и контрола на изложеноста на пазарните и кредитни ризици од монетарните операции и управување со обезбедувањето;<br>(10) Подготовка на Курсната листа на НБРМ;<br>(11) Објавување податоци на јавната интернет-страница и постојано збогатување на содржините;<br>(12) Тестирање на спроведувањето на монетарните операции во вонредни услови за работа | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **Понатамошно унапредување на постојниот модел за проекции и започнување со развој на нов, пософистициран модел за монетарната политика заснован врз микрофундаменти, односно врз моделот ДСГЕ (Dynamic Stochastic General Equilibrium).** | | | | | | | | | |
| I. | 3 | 15 | МПИ | **Проекции со новата верзија на моделот МАКПАМ и почетни активности поврзани со развојот на моделот ДСГЕ** | Активностите се одвиваат постојано | Проекција со новата, унапредена верзија на моделот МАКПАМ почнувајќи од април 2016 година. Исто така во текот на годината е планирано да се започне со почетни активности поврзани со моделите ДСГЕ. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **Влијание врз очекувањата на економските субјекти заради постигнување ефективна трансмисија на монетарната политика преку публикување редовни извештаи на Народната банка со јасни погледи за идните економски движења и информации** | | | | | | | | | |
| I. | 4 | 16 | МПИ | **Изготвување соопштенија и презентации за јавноста, поврзани со донесувањето на монетарните одлуки.** | | Изготвување соопштенија и презентации за јавноста, поврзани со донесувањето на монетарните одлуки, во кои се дава детален осврт на очекувањата за следниот период и нивните ефекти врз монетарната одлука. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| I. | 4 | 17 | МПИ | **Изработување редовни извештаи.** | | Изработување редовни извештаи заради согледување на најновите движења во македонската економија во целина и во одделните сектори на домашната економија, како и оценување на нивните влијанија врз монетарната политика. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II. Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата.** | | | | | | | | | |
| **Продолжување на активностите за јакнење на капацитетот на банкарската супервизија.** | | | | | | | | | |
| II. | 5 | 18 | ФБ | **Следење на резултатите од пресметките за утврдување на системски значајните банки (СИБ)** | Процедурата за утврдување на СИБ е приспособена и ревидирана согласно со промените во методологијата на БИС. | 1. Натамошно следење на резултатите од пресметките за системски значајните банки.<br>2. Формално усвојување и објавување на Процедурата (методологија), во зависност од измените на Законот за банките. | Во текот на годината | 1. во текот на годината<br>2. III квартал | Редовна активност |
| II. | 5 | 19 | ФБ | **Редовно следење на движењата во банкарскиот систем** | 1. Се изработуваат редовни табеларни и наративни анализи за банкарскиот систем според утврдена динамика (месечно, квартално, годишно).<br>2. Започнати се активности за изработка на апликација за агрегирање на податоците за средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања од страна на банките. | 1. Редовни анализи и извештаи за банкарскиот систем<br>1а. Подетаљна анализа на движењата во обемот и квалитетот на кредитите на домаќинствата.<br>1б. Натамошно унапредување на апликациите коишто се поддршка на овие анализи (табеларни прегледи за интернет, наративни квартални извештаи, годишен извештај, анализа на конкурентноста, анализа на пристапот до банкарски услуги, стрес-тестирање, макрострес-тестирање итн.).<br>2. Добивање агрегатен извештај за преземениот имот за целиот банкарски систем. | Во текот на годината | 1. во текот на годината<br>1а. во текот на годината<br>1б. во текот на годината<br>2. I квартал | Редовна активност |
| II. | 5 | 20 | ФБ | **Унапредување на Кредитниот регистар** | 1. Добиени се годишните сметки од Централниот регистар и направена е интерна апликација (ГС) за користење на податоците само за нефинансиските правни лица.<br>2. Обезбедена е техничка помош од Банката на Словенија за креирање интерен рејтинг за кредитокорисниците - правни лица.<br>3. Одржан е состанок со банките за примената на одредбите за известување до ЦРИС за реструктурираните, рефинансираните, пролонгираните кредити. | 1. Изработка на нови извештаи коишто ќе ги агрегираат податоците од годишните сметки за сите преостанати видови на работа (корисници на буџет, буџети, непрофитни, вршители на дејност, банки и осигурителни компании).<br>2. Поврзување на податоците за поединечните завршни сметки на претпријатијата, коишто се добиваат од Централниот регистар, со Кредитниот регистар на НБРМ, за интерни потреби на НБРМ.<br>2а. Да се изработи софтверско решение за утврдување интерен рејтинг за секој одделен кредитокорисник - правно лице.<br>3. Измени на Упатството во делот на пријавување на реструктурираните, рефинансираните, пролонгираните кредити. | Во текот на годината | 1. I квартал<br>2. II квартал<br>2а. IV квартал<br>3. IV квартал | Нова активност |
| II. | 5 | 21 | ТС | **Унапредување на познавањата во однос на спроведување на супервизија и надзор на работењето на платежни институции со оглед на отпочнатиот проект за ревидирање на регулативата во овој домен** | | Обезбедување на техничка помош заради согледување на искуствата на други супервизорски тела во делот на супервизија на небанкарски платежни институции како основа за дефинирање на соодветна супервизорска рамка во однос на ваквите институции | IV квартал | | Нова активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **6. Продлабочување на анализите за финансиската стабилност, следење на системските значајни банки и ревидирање на регулативата во согласност со меѓународните стандарди** | | | | | | | | |
| **II.** | 6 | 22 | ФБ | **Редовни активности во врска со изготвувањето на годишниот извештај за финансиската стабилност** | 1. редовна изработка на показателите за финансиска стабилност.<br>2. ревидирана е листата на показатели.<br>3. редовни анализи на банкарскиот систем.<br>3. комуникација со другите регулаторни и супервизорски органи за доставување податоци за сегментите од финансискиот систем што се во нивна надлежност. | 1. испитување на можностите за анализа на сегментите од финансискиот систем (пред сѐ осигурувањето и пензиските фондови) со поголема фреквенција од досегашната анализа којашто е на годишна основа.<br>2. натамошно проширување на листата на показатели согласно со новата Методологија на ММФ, којашто е во фаза на изработка. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 23 | ФБ | **Следење на поврзаноста помеѓу сегментите од финансискиот систем** | Изработена е матрица на зараза. | 1. натамошно следење на матрицата.<br>2. користење на резултатите од научно-истражувачките трудови коишто ќе ги испитуваат меѓусебните влијанија и ризици меѓу банките, како и меѓу банките и пензиските и инвестициски фондови | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 24 | ФБ | **Анализа на мандадите на другите централни банки (од ЕУ и пошироко) за преземање макропрудентни мерки** | | Спроведување на анализата. | III квартал | | Нова активност |
| **II.** | 6 | 25 | ФБ | **Размена на податоци и информации со другите супервизорски и регулаторни органи во земјата и странство и одржување периодични средби со финансиките регулатори** | 1. редовна комуникација во рамки на Виенската иницијатива.<br>2. редовна размена на податоци според потпишаните меморандуми за соработка.<br>3. периодични состаноци со супервизорските органи. | 1. редовна комуникација во рамки на Виенската иницијатива.<br>2. редовна размена на податоци според потпишаните меморандуми за соработка.<br>3. периодични состаноци со супервизорските органи. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 26 | ФБ | **Оценка на супервизорските стандарди во РМ, врз основа на прашалник од ЕБА** | | По барање на ЕБА, спроведување на оценката со користење на прашалникот од ЕБА и утврдување на отстапувањата од супервизорските стандарди на ЕУ. | IV квартал | | Нова активност |
| **II.** | 6 | 27 | ФБ | **Учество во проект на Агенцијата за Катастар за унапредување на Катастарот** | Учество во проектот. | 1. Соработка со Агенцијата за Катастар.<br>2.Дефинирање на податоците коишто би биле корисни за изработка на најразлични показатели/индекси за потребите на финансиската стабилност. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| **II.** | 6 | 28 | ФБ | **Унапредување на методологија за пресметка на индекси за финансиска стабилност** | Натамошно тестирање на постојната методологија. | Проучување и примена на нови пристапи и методи за утврдување на ваков индекс. | I квартал | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 29 | ФБ | **Редовни измени и дополнувања на подзаконската банкарска регулатива** | | Активностите за остварување на оваа цел би се преземале во зависност од новините во меѓународните стандарди или утврдените проблеми од примената на постојната банкарска регулатива. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 30 | ФБ | **Анализа на можностите и пречките за продажба на нефункционалните кредити** | | Анализа на регулативата во овој домен, дефинирање предлог-чекори доколку е потребно, истражување на причините за ниската продажба/отпис на нефункциналните кредити (пример, преку прашалник, анкета и сл.). | II квартал | | Нова активност |
| **II.** | 6 | 31 | ФБ | **Учество во изработката на нов Закон за банките, во согласност со стандардите од Базел 3 и ЦРД4** | Проучување на директивата ЦРД4. | Спроведувањето на оваа активност зависи од активностите на Министерството за финансии, а целта би била усогласување со ЦРД4. | IV квартал | | Нова активност |
| **II.** | 6 | 32 | ФБ | **Ревидирање на подзаконската регулатива во согласност со стандардите од Базел 3 и ЦРД/Р, а во рамки на Законот за банките** | Изработена е анализа на базелскиот стандард и европската регулатива. Изработена е нацрт-верзија на промените во Методлогијата за адекватноста на капиталот, во делот на структурата на сопствените средства, во согласност со Базел 3 и ЦРД/Р. | 1. Објавување на методологијата за СИБ.<br>2. Изработка на методологија за утврдување на противцикличен заштитен слој на капиталот.<br>3. Измени или донесување нов подзаконски акт за основните начела за корпоративно управување во банките (по консултации со банките).<br>4. Разгледување на потребата за воведување на стапката на задолженост, имајќи ги предвид препораките на Базел 3.<br>5. Промени во Методлогијата за адекватност на капиталот, во делот на структурата на СС, во согласност со Базел 3 и ЦРД/Р.<br>6. Испитување на ефектите од донесувањето на Одлука за управување со ликвидносниот ризик, во согласност со стандардите од Базел 3 и ЦРД4/ЦРР и изработка на одлуката. | Во текот на годината | 1. IV квартал<br>2. IV квартал<br>3. IV квартал<br>4. IV квартал<br>5. I квартал<br>6. III квартал | Нова активност |
| **II.** | 6 | 33 | ФБ | **Учество во изработката на Закон за закрепнување на банки со проблеми** | Проучување на директивата БРРД. | Спроведувањето на оваа активност зависи од активностите на Министерството за финансии, а целта би била усогласување со соодветната европска директива (БРРД). | IV квартал | | Нова активност |
| **II.** | **6** | 34 | ФБ | **Измени и дополнувања на подзаконската регулатива од Законот за девизно работење и толкување на прашања од истиот домен** | 1. Редовни измени на регулативата заради надминување на практичните проблеми во примената на правилата од девизниот режим.<br>2. Давање толкувања на подзаконската регулатива за девизниот режим.<br>3. Започнати се активности за ревидирање на целокупната подзаконска регулатива според Законот за девизно работење, при што се изготви извештај за видот на промените и се одржа состанок со банките. | 1. Измени во регулативата и толкување на регулативата за надминување на потешкотиите во нејзината примена и нејзина соодветна примена.<br>2. Изработка и донесување на новите подзаконски акти | Во текот на годината | 1. во текот на годината<br>2. II квартал | Редовна активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II.** | 6 | 35 | ВСЛ | **Редовни вонтеренски активности** | | 1. Спроведување редовна вонтеренска супервизија на банките и штедилниците.<br>2.Подготовка на корективни мерки врз основа на утврдени неусогласености и неуредности во работењето на банките и штедилниците и следење на постапувањето според нив.<br>3. Оценка на ПИК на банките.<br>4. Редовни активности за лиценцирање на банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги на брз трансфер на пари. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 36 | ВСЛ | **Учество во регионалните супервизорски колеџи** | | 1. Изработка на супервизорски извештај за ризичниот профил на домашните банки членки на групациите.<br>2. Присуство на супервизорските колеџи.<br>3. Размена на информации на редовна основа со супервизорските органи на матичните банки. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 37 | ВСЛ | **Создавање временски серии и подготвување месечни табеларни и графички извештаи** | Изработка на извештаите според потребната динамика. | 1. Примена на база на податоци наменети за обработка на трендови и движења (временски серии).<br>2. Примена на нови и измена на постојните извештаи согласно со измените во законската регулатива. | Среднорочна активност | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 38 | ВСЛ | **Измени и надградувања на можностите за користење на податоците од Кредитниот регистар** | Побарана е техничка помош преку ТАИЕКС. | Врз основа на заедничката анализа на содржината и поставеноста на Кредитниот регистар, со помош на експерт ангажиран преку ТАИЕКС, ќе се согледа потребата за натамошно унапредување на КР. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 39 | ВСЛ | **Натамошно унапредување на интерните акти и процесите во рамки на спроведувањето на вонтеренската супервизија** | Побарана е техничка помош од Светската банка (FinSAC) | Унапредување на вонтеренската супервизија, врз основа на заедничката оценка на ефикасноста на процесите со помош на експертите ангажирани преку техничка помош од Светската банка (FinSAC). | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 40 | ТС | **Спроведување редовни теренски контроли** | Изработен е годишен план за теренски контроли за периодот септември 2015-август 2016 година. | Спроведување на планираните контроли согласно со годишниот план. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| **II.** | 6 | 41 | ТС | **Изработка на апликација за теренска контрола за потребите на отсекот за ризици** | Извршен е детален опис на првиот подмодул со опфат на неговите функционални и технички карактеристики. | Проширување на функционалноста на апликацијата и изработка на останатите модули за вградување на процедурите за оценка на ризиците, показателите за квантитетот на ризикот и извештаите за анализа на протфолиото на населението по поединечна банка. | IV квартал | | нова активност |
| **II.** | 6 | 42 | ТС | **Ревидирање на процедурата за оценка на ризикот од перење на пари** | Во тек е процес на сублимирање на стекнатите искуства во поглед на профилирањето на ризикот на клиентите од страна на деловните банки и преземените мерки и активности за соодветно управување со овој ризик. | 1. Измена на интерниот акт за оценка на ризикот од перење на пари преку вградување на искуствата стекнати од учеството на претставници на Дирекцијата во изработката и спроведувањето на националната стратегија, подготовката и одбраната на извештаите на Република Македонија во Комитетот на експерти на Советот на Европа (Moneyval) и планирано е учество во проект на Советот на Европа за зајакнување на капацитетите за спречување перење пари.<br>2. Обезбедување техничка помош од ММФ за создавање алатка којашто би се користела во оценувањето на нивото на ризик од перење пари кај поединечните банки. | IV квартал | | нова активност |
| **II.** | 6 | 43 | ТС | **Унапредување на подзаконската регулатива којашто ги пропишува стадардите за информативна сигурност на банките** | Ретроспектива на наоди и искуства од примената на постојната подзаконска регулатива со утврдување на подрачјата кон чие ревидирање треба да се пристапи, како и следење на европските и светските искуства во однос на новите закани по информативната сигурност. | 1. Подигнување на свеста на банките за зајакнување на сигурноста на постојните системи за интернет-банкарство од организиран компјутерски криминал. За таа цел ќе се изврши оценка на отпорноста/издржливоста на секоја финансиска институција од нападите од дигиталниот простор преку тематска контрола, чии резултати ќе се користат за согледување на видот на измената што треба да се воведе во регулативата.<br>2. Ревидирање на стандардите во однос на непрекинатоста во работењето, особено во однос на банките значајни од аспект на активностите коишто ги вршат и ризиците на кои се изложени. | II квартал | | нова активност |
| **II.** | 5 | 44 | Раковод ство | **Усогласување на регулативата за сметководство и за финансиско известување на банките со новините и измените во МСФИ стандардите** | Во тек е процес на детално разбирање и разработка на практичните аспекти на новодонесените стандарди МСФИ 9 и МСФИ 15 за банкарскиот сектор во Македонија и оценка на потребата за измена на останатата пруденцна подзаконска регулатива. Овие стандарди ќе стапат во примена за финансиските периоди од 1.1.2018 г. со ретроспективна примена во Финансиските извештаи за 2018 г. и за компаративниот претходен период за 2017 г. | 1. Измена на регулативата за сметководство и за финансиско известување на банките, што ја пропишува НБРМ.<br>2. Согледување на потребата за измена на останатата пруденцна супервизорска регулатива поради измените во регулативата за сметководство и финансиско известување.<br>3. Обезбедување техничка помош заради согледување на искуствата на други банкарски регулаторни тела за примената на новите МСФИ-стандарди. | IV квартал | | Редовна активност |

**III. Ефикасно управување со девизните резерви на Република Македонија при оптимален баланс на принципите на сигурност, ликвидност и поврат од управувањето.**

**Ефикасно управување со девизните резерви на Република Македонија во услови на ниски приноси на финансиските инструменти, преку динамичка стратегиска распределба којашто обезбедува оптимален баланс на принципите на сигурност, ликвидност и поврат од управувањето**

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| III. | 7 | 45 | ФП | **Воведување систем на буџетирање на ризиците** | Изготвени се нови Политика и Правила за чување и управување со девизните резерви, во согласност со насоките дадени од страна на Светската банка во рамки на РАМП, при што е предвидено буџетирање на ризиците. Исто така, се одржа Webex сесија на оваа тема со претставници од Светската банка и започната е анализа за поставување на основите на процесот на буџетирање на ризиците. | Воведување систем на буџетирање на ризиците како напреден приод за унапредување на процесите за инвестирање и управување со ризиците, во согласност со насоките од Светската банка. Целта на поставувањето на овој квантитативен процес е оптимална распределба на ризиците помеѓу одделни финансиски инструменти, инвестициски портфолија и стратегии на вложувања. За остварувањето на оваа цел е потребна разработка на методологија за воведување на буџетирањето на ризиците на севкупното портфолио. | IV квартал | | Нова активност |
| III. | 7 | 46 | ФП | **Симулација на ризици пред случување трансакции** | Во изработка е дневен преглед за следење на пазарната изложеност по инвестициски портфолија со основни функционалности за симулација на изложеноста на каматен ризик (one pager), којшто ќе може да се надгради со анализа на сценарио за изложеност на каматен ризик. Исто така, подготвена е методологија за изработка на апликативно решение, каде што би се симулирале и останатите типови ризици и изложеност пред случување трансакција. | Заради минимизирање на ризикот од надминување на поставените лимити на изложеност при пласирањето на девизните резерви, се предвидува натамошна доработка на методологија за симулација на ефектите на инвестициските одлуки пред тргување со финансиски инструменти и симулирање трансакција или група трансакции, како и изготвување прегледи за изложеност на ризици, имајќи ги предвид симулираните трансакции. Со тоа ќе се обезбедат навремени и квалитетни информации за потенцијалната изложеност кон ризици. Предуслов за изработката на модул за симулација на ризици е приспособување на функционалностите на апликацијата за раководење со ризиците преку ревидирање и доработка на модулите за контрола на лимитите и за кредитната изложеност по земји и по финансиски институции. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| III. | 7 | 47 | ФП | **Унапредување на работните процеси во Отсекот за управување со ризици** | Изработена е методологија и прва верзија на апликацијата за автоматско изготвување преглед за официјалното ниво и факторите на промена на девизните резерви од сметководствени извори. | Заради намалување на оперативните ризици и унапредување на работењето, се предвидуваат нови функционалности на процесите за управување со кредитните ризици и надградба на процесот за утврдување на нивото и фактори на промена на девизните резерви. Исто така, заради овозможување дневно вреднување на резултатите во однос на референтните портфолија со истовремено оптимизирање на ресурсите, се предвидува анализа и спроведување решение за преземање на расположливите податоци за референтните портфолија на портфолиото на „Мерил Линч" преку услуги на е-пошта воспоставени со „Банката на Америка Мерил Линч". Заради повисока ефикасност во работењето, се предвидува и интеграција на процесите за преземање податоци коишто ја користат лиценцата за податоци на Блумберг. | II квартал | | Нова активност |
| III. | 7 | 48 | ФП | **Систематизирање на процесот на т.н. „пазарно истражување"** | Активноста е започната | Систематизирање на процесот за добивање информации за движењата на меѓународните финансиски пазари преку конференциски повици со аналитичари и стратегисти од договорните страни, вклучително и Светската банка. | I квартал | | Нова активност |
| III. | 7 | 49 | ФП | **Унапредување на процесот на донесување одлуки за одржување/излез од одредени инвестиции** | Активноста е започната | Симулации за ефектите кај инвестициските портфолија согласно со проектираните пазарни прогнози до крајот на годината. | I квартал | | Редовна активност |
| III. | 7 | 50 | ФП | **Одржување висока флексибилност и унапредување на управувањето со девизните резерви преку активно селектирање и инвестирање во различни финансиски инструменти** | | 1) Пласирање/инвестирање на девизните резерви во рамките на утврдените лимити на изложеност кон валутен, кредитен, ликвидносен и каматен ризик.<br>2) Преиспитување на можноста за инвестирање во други инструменти.<br>3) Следење на меѓународниот и домашниот девизен пазар, интервалутарните односи, каматните стапки, цените на благородните метали, цените на хартиите од вредност и останатите финансиски инструменти.<br>4) Подготвувањето на извештаите за ризици и за остварената стапка на поврат при пласирањето на девизните резерви.<br>5) Изготвување на делот од Годишниот извештај за работењето на НБРМ, во доменот на управувањето со девизните резерви. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| | **Унапредување на институционалниот капацитет на Народната банка во процесот на управување со девизните резерви преку учество во програмата РАМП на Светска банка** | | | | | | | | |
| III. | 8 | 51 | ФП | **Унапредување на управувањето со ризиците при управување со девизните резерви согласно со најдобрите практики препорачани од Светската банка** | Се врши постојано приспособување на процесот на управување со ризиците според насоките на Светската банка, при што се прават соодветни надградби и приспособувања на апликацијата за раководење со ризиците. Исто така, изготвени се нови Политика и Правила за чување и управување со девизните резерви, со коишто се предвидува нов пристап кон управувањето со девизните резерви и ризиците. | Заради усвојување на најдобрите практики во областа на управување со ризиците на девизните резерви, ќе се усвојат препораките дадени од Светската банка коишто вклучуваат нова распределба на портфолијата и усогласување на новата структура на девизните резерви и на референтните портфолија. Исто така, во оценката на чувствителноста на девизните резерви кон поекстремни пазарни движења, со стрес-тестовите ќе се симулираат и ефектите од поекстремни движења на валутните курсеви и цената на златото. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| III. | 8 | 52 | ФП | **Зголемување на ефикасноста при управувањето со девизните резерви преку примена на нови стратегии за тргување** | Работилница за основи со активно управување со портфолија. | Примена на стратегии за активно управување зависно од потенцијалните промени кај кривите на приноси, коишто можат да се одразат преку нивото на приноси, наклонот на кривата, како и формата на кривата. | II квартал | | Нова активност |
| **IV. Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.** | | | | | | | | | |
| | **Активно учество и поддршка на развојот на домашните финансиски преку вклучување во активностите за примена на европската регулаторна рамка во регулативата на домашните финансиски пазари** | | | | | | | | |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV. | 9 | 53 | ФП | **Испитување на можноста за воведување регулатива за санкции на банките коишто произлегуваат од непочитување на правната рамка и оперативни процедури при редовно спроведување на монетарни операции.** | Разгледана е европската регулатива во овој домен. | Се предвидува дефинирање на оперативните процедури за спроведување монетарни операции и испитување на можноста за дефинирање одредби за санкции во случаите на непочитување на регулативата и процедурите од страна на банките во доменот на монетарните операции. | IV квартал | | Нова активност |
| IV. | 9 | 54 | ФП | **Унапредување на правната и инфраструктурната рамка за тргување и порамнување на хартиите од вредност со валутна клаузула на секундарниот пазар (пазар преку шалтер)** | Активносите се започнати (остварен е консултативен состанок со релевантните институции поврзани со процесот на тргување и порамнување на хартиите од вредност со валутна клаузула). | Измени во правната рамка којашто го регулира тргувањето со хартии од вредност на секундарниот пазар (кај одредбите коишто се однесуваат на тргување и порамнување на хартиите од вредност со валутна клаузула), заради зголемување на транспарентноста на секундарниот пазар за пазарните учесници и прецизирање на обврските на поединечни институции во овој процес. Истовремено ќе се надгради електронскиот систем за котации и меѓубанкарско тргување со хартии од вредност во соработка со „Еуропоинт“ и електронскиот систем на НБРМ за вреднување на хартиите од вредност во соработка со Дирекцијата за ИТ. | I квартал | | Нова активност |
| **V. Зголемување на ефикасноста на системот на снабдување и обработка на книжните и кованите пари и зголемување на квалитетот и функционалноста на готовите пари во оптек.** | | | | | | | | | |
| **Ефикасно, оперативно и функционално управување со готовинскиот тек во реорганизираниот модел на снабдување со готовина** | | | | | | | | | |
| V | 10 | 55 | ТР | **Регулирање, одржување и управување со готовинскиот систем на работење** | Донесен е нов пакет подзаконски акти од областа на трезорското работење со кои се менува концептот за снабдување со готовина, при што, покрај досегашните учесници во циклусот на движење на готовината - банките, се предвидува и можноста за вклучување центри за готовина, како дополнителна алка во синџирот на дистрибуција и операции со готовината. Преструктурирање на регионалниот дистрибутивен систем и децентрализирање на моделот на снабдување. | Продолжување на веќе започнатите активности за спроведување на подзаконската регулатива и соодветно приспособување кон новиот променет модел. Активно спроведување на новата политика за оперативност на готовинскиот систем преку постепено преместување на дневнологистичките операции кај банкарскиот приватен сектор. Анализирање на актуелните случувања и пазарните влијанија во преструктурираниот дистрибутивно-регионален систем и соодветно приспособување и балансирање на готовинските текови во доменот на регулирање на надоместокот за готовински услуги. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| V | 10 | 56 | ТР | **Вклучување на центрите за готовина во делот на логистичките операции со готовина** | Во рамките на новиот пакет подзаконски акти се пропишани условите коишто банките и центрите за готовина мора да ги исполнуваат за вклучување во мрежата на системот на готовинско работење. Остварени се неопходните подготвителни активности за примена на пропишаните подзаконски акти. Формиран е стручен тим за проценка на исполнувањето на пропишаните услови и критериуми, составен од стручни лица во соодветната област што е предмет на проценка. | Следење на динамиката на усогласувањето на банките и центрите за готовина со пропишаните организациски, административно-технички и безбедносни стандарди и критериуми за оперативно работење. Непосредна проценка на степенот на исполнување на пропишаните услови и критериуми од страна на стручниот тим. Активно вклучување на центрите за готовина во оперативниот систем преку склучување договори со НБРМ за снабдување со готовина. | Во текот на годината | | Нова активност |
| V | 10 | 57 | ТР | **Надградба на постоечкото апликативно решение за готовинско работење** | | Надградба на постоечкото апликативно решение со вклучување на центрите за готовина во сите сегменти на готовинското работење. Развивање нови извештајни форми согласно со реалните потреби за понатамошно продлабочување на опфатот на информациите коишто произлегуваат од постоечката база на податоци. Со оваа активност ќе се овозможи повисоко ниво на следење на тековното работење и поголем степен на аналитичност и практично ќе се подигне нивото на ефикасност преку брзо и прецизно добивање на бараните информации, без ангажирање дополнителни ресурси за нивна изработка. | I квартал | | Нова активност |
| V | 10 | 58 | ТР | **Изработка на нов модул за евиденција на доставените податоци за готовинско работење** | | Развивање апликативна софтверска поддршка за следење на готовинското работење на банкарскиот сектор и центрите за готовина, како комплементарен проект на новиот пакет на подзаконски акти. Модулот ќе овозможи детална, целосна и сеопфатна евиденција на доставените податоци врз основа на пропишаните стандардни обрасци. Со изработката на новиот модул ќе се интегрираат сите влезни големини и ќе се создаваат квалитетни и соодветно класифицирани информации, заради следење на динамиката на извршувањето на сите активности поврзани со процесот на снабдување со готовина, коишто придонесуваат за квалитетно и ефикасно извршување на редовните активности и подигнување и унапредување на квалитетот на работењето. | II квартал | | Нова активност |
| **Зголемување на функционалноста и одржување на стандардно високо ниво на квалитетни пари во оптек** | | | | | | | | | |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | 11 | 59 | TP | **Продолжување на активностите на центарот за откривање фалсификувани банкноти** | Во рамките на техничката помош, експерт од Централната банка на Холандија оствари еднодневна студиска посета на тема „Новите трендови во доменот на фалсификувањето и ефикасни мерки за навремено спречување на понатамошно распространување на фалсификуваните пари". | Зајакнување на административните капацитети и понатамошен развој и усовршување на методолошкиот пристап при утврдувањето на автентичноста на парите заради постигнување повисока ефикасност. Учество во проект финансиран од ЕУ (Twinning Light), за подигнување на нивото на соработка помеѓу релевантните институции коишто се вклучени во делот на борбата против фалсификувањето со посебен акцент на соработката помеѓу МВР и НБРМ. Проектот би вклучувал техничка помош, преку учества во работилници, обуки, семинари и работни посети, организирани од страна на ТАИЕКС и ОЛАФ за постојано усовршување и надградба на капацитетите со кои располагаат вработените ангажирани во доменот на препознавање сомнителни банкноти. Истовремено, предвидено е и зајакнување на техничките капацитети преку разгледување на можноста за инвестирање во опрема за откривање на фалсификатите во согласност со стандардите на ЕУ. Користење техничка помош од Централната банка на Холандија, учество на настани организирани од релевантни институции (ЈВИ, ЕЦБ и други централни банки) и размена на искуства со експерти. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| V | 11 | 60 | TP | **Продолжување на активностите за обука на кадрите на банките и центрите за готовина за проверка на автентичноста и соодветноста на парите за оптек** | Согласно со донесената Одлука за проверка на автентичноста и соодветноста, условите и начинот на враќање на книжните и кованите пари во оптек, изведена е обука за вработените од банките, во рамките на проектот - Програма за обуки за вработените од банките, финансиските институции и останатите субјекти за проверка на автентичноста и соодветноста на парите за оптек. | Проширување на опфатот на учесниците во обуките преку интегрирање на вработените од центрите за готовина. Изработка на термински план за динамиката на спроведувањето на обуките за банките и центрите за готовина, приспособување и проширување на содржината на програмата за обуки со новите апоени на книжни пари, соодветно приспособување и дополнување на презентациите, изработка на посебни презентации за новиот пакет подзаконски акти. Примена на претходно стекнатите искуства и знаења во овој домен за натамошно унапредување, подигнување и усовршување на квалитетот на обуките и развивање на квалитетна платформа за подигнување на целокупното ниво на организација на овие настани. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| V | 11 | 61 | TP | **Воведување на новите апоени на книжни пари (200 и 2000 денари)** | Во соработка со реномирани печатарски компании, комплетно е разработен и заокружен финалниот дизајн на новите апоени со вградување на внимателно одбрани сигурносни заштити коишто според иновативноста и технологијата на изработка се вбројуваат во рангот на врвните софистицирани заштити коишто нудат висок степен на сигурност и препознатливост. Разработена е техничка спецификација во согласност со развиениот дизајн и усвоена е Одлуката за издавање и основни белези на книжните пари во апоени од 200 и 2000 денари од страна на Советот на НБРМ. Спроведена е постапка за избор на печатарска компанија. | Спроведување на процесот на печатење на новите апоени преку следење и одобрување на секоја фаза за комплетирање на финалните примероци. Изработка на главен примерок (специмен), негово одобрување и печатење на новите апоени. Адаптирање и приспособување на софтверските системи на машините за обработка на готовина заради почитување на временската динамика за ефикасна оперативност и функционалност. Донесување соодветна правна регулатива за пуштање во оптек на новите апоени. Спроведување промотивни активности за информирање и запознавање на пошироката јавност со карактеристиките на новите апоени. Информирање на централните банки за новите апоени со соодветно доставување примероци. | Во текот на годината | | Нова активност |
| V | 11 | 62 | TP | **Воведување изменет состав на легурата на кованите пари во оптек** | Спроведени се интензивни активности за испитување на можностите за промена на композицијата на материјалите од кои се изработуваат кованите пари. Резултатите од истражувањето покажаа дека сегашната композиција на легурата од која се изработуваат кованите пари е прилично неефикасно решение и по примерот на останатите централни банки, изборот е насочен кон алтернативни решенија за рационализација на трошоците. Воспоставени се контакти со неколку реномирани ковачници, изведени се презентации за расположливите материјали, развојните трендови за применливи технологии за производство, стандардите за квалитет и за согледување на можните решенија е остварена посета на ковачницата во Литванија. Во заедничка соработка е направена анализа за трошоците и придобивките со дефинирани влезни компоненти за изработка на конкретно применливо решение и постигнување рационализација на трошоците, при ист квалитет на кованите пари. | Промена на техничките спецификации на постоечкиот состав на легурата на кованите пари. Интервенирање и соодветно приспособување на правната регулатива во делот на дефинирањето на новите технички спецификации. Набавка на кованите пари со новиот променет состав и продолжување на активностите за последователно остварување на проектот и за останатите апоени на ковани пари коишто тековно циркулираат во оптек. | II квартал | | Нова активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | 11 | 63 | ТР | **Изработка на нова функционалност на софтверската апликација за евиденција на фалсификувани пари** | | Надградба и воведување нови функционалности во постоечката апликација за евиденција на фалсификувани пари, заради подигнување на квалитетот на работењето и воспоставување ефикасна и координирана комуникација и продлабочување на соработката со Централната канцеларија за истраги во МВР. Дополнувањето на функционалностите ќе овозможи екстерен електронски пристап на корисниците од МВР, преку обезбедување привилегии за подобар увид во регистрираните фалсификувани пари, активна поврзаност и заемна интеракција. Воспоставувањето на овој вид конекција ќе придонесе за подигнување на нивото на ефикасност во оперативниот дел на Министерството за внатрешни работи, при водење истраги и активно следење на динамиката на фалсификување на парите, како и преземање соодветни ефикасни и навремени мерки за откривање и спречување на фалсификувањето. При остварувањето на оваа активност, ќе се | IV квартал | | Нова активност |
| V | 11 | 64 | ТР | **Испитување на можноста за воведување нов стандардизиран начин на пакување на книжните пари и дефинирање на техничките карактеристики на новиот начин на пакување** | | Истражување на функционалните применливи стандардизирани системи за пакување на готовината, коишто ги исполнуваат највисоките европски критериуми. Конфигурацијата и изгледот на новиот систем на пакување мора да обезбедува висок степен на сигурност, безбедност, транспарентност и флексибилност, безбедно затворање и ефикасно интегрирање во оперативните процеси. Анализирање на можноста за воведување електронска евиденција преку развивање софтверска поддршка за интегрирано и централизирано следење на движењата во готовинските текови и поедноставување на процесите при евидентирање и | Среднорочна активност | | Нова активност |
| V | 11 | 65 | ТР | **Модернизирање на техничките капацитети за логистичка поддршка на секундарните операции со готовина.** | | Инвестирање во нови современи машини и меѓусебно поддржани системи со највисоки расположливи перформанси коишто ќе обезбедат висок степен на сигурност и квалитет. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| | **Контрола на примената на стандардите и критериумите за готовинско работење кај банките и центрите за готовина** | | | | | | | | |
| V | 12 | 66 | ТР | **Продолжување на активностите за зајакнување на контролата на квалитетот на парите во оптек** | НБРМ се фокусира на зајакнување на капацитетите, можностите, методите и примена на најдобрите практики за ефективна контрола и надзор. За обезбедување високо квалитетна, координирана, ефективна и ефикасна контрола, е изработен Акциски план за остварување непосредни теренски контроли со утврдување временска динамика, опфат и начин на спроведување на контролите. | Засилување на веќе започнатите активности. Забрзано спроведување на контролата на примена на стандардите и критериумите за обработка на готовината, преку следење и непосредна контрола на работата на машините за обработка на парите, особено нивната способност да ја вршат проверката на автентичноста и соодветноста на парите за оптек. Проширување на опфатот и обемот на контролите, со вклучување на мрежата на деловните единици и следење на квалитетот на парите при снабдувањето на мрежата на АТМ-системите. Продолжување со процесот на тестирање на машините од аспект на нивната компатибилност со предвидените стандарди и критериуми за обработка на готовина и ажурирање на листата на успешно тестирани машини објавени на интернет-страницата на НБРМ. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| V | 12 | 67 | ТР | **Продолжување на активностите за спроведување на новиот децентрализиран модел на снабдување со готовина** | Пропишано е ново Упатство со конкретизирање и утврдување на постапките и процедурите при извршување на трансакциите за снабдување со готовина од страна на субјектите директно вклучени во овој процес. Во овој контекст се регулира оперативниот и функционалниот аспект во секој сегмент на готовинското работење. Регулиран е видот и начинот на известување преку пропишување стандардизирани обрасци за доставување на податоците за следење на готовинските текови. | Следење на квантитативните и квалитативните статистички показатели релевантни за готовинското работење со утврдена временска динамика. Посредна контрола на сите сегменти во доменот на готовинското работење, од аспект на делот што се однесува на обработката на готовина преку применетите критериуми и стандарди за обработка и техничко-технолошките капацитети со кои располагаат учесниците во готовинскиот тек. | Во текот на годината | | Нова активност |
| **VI. Одржување највисок степен на сигурност, стабилност и ефикасност на домашните платни системи и обезбедување услови за прекугранично поврзување на платните системи.** | | | | | | | | | |
| | **Учество во спроведувањето на Директивата за платежни услуги и останатата регулатива на Европската Унија во доменот на платните системи** | | | | | | | | |
| VI | 13 | 68 | ПС | **Учество во активностите на компонента 1 од ИПА за понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа на слободно движење на капитал и финансиски услуги - пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги** | Изготвена е анализа за степенот на усогласеност на националното законодавство во доменот на платните системи и услуги со законодавството на ЕУ. НБРМ е активно вклучена со свои преставници во Управниот комитет на ИПА, заедно со претставници од Министерството за финансии и КХВ. | Учество во изготвување на законската и подзаконската регулатива во доменот на платните системи и услуги во РМ во која ќе се воведат три директиви на ЕУ: Директивата за платежни услуги, Директивата за електронски пари и Директивата за конечност на порамнувањето. | IV квартал | | Нова активност |
| | **Подобрување на можностите за прекугранични плаќања** | | | | | | | | |
| VI | 14 | 69 | ПС | **Започнување со работа на системот за прекугранични плаќања во евра и едукација на крајните корисници преку изработка на промотивни материјали** | Спроведени се подготвителната фаза за воспоставување систем за прекугранични плаќања, техничката спецификација, презентации и консултации со банките, консултации со произведувачот на МИПС и прифатени се и усвоени се предлози за измена на Законот за девизно работење. Исто така, започната е постапка за јавна набавка на надградба на МИПС, како и измена во домашната подзаконска регулатива. | Отпочнување со работа на надградениот МИПС на почетокот на 2016 година со можност за плаќања во евра, изработка на промотивен материјал за крајните корисници, којшто покрај промотивната компонента ќе има и едукативни содржини за претставување ефикасен систем за прекугранични плаќања во евра преку поврзување на МИПС со системот ТАРГЕТ 2. Организирање состаноци со банките за начинот на пренесување на информацијата во јавноста (шалтери, гранични премини, интернет-страници итн.). Организирање состаноци со МНР на кои ќе се промовира информацијата за можностите на новиот систем и пренесување на информацијата во релевантните земји. | IV квартал | | Нова активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Изработка на анализи и информации за потребите на дефинирање на политиките за развој на платните системи** | | | | | | | | |
| VI | 15 | 70 | ПС | **Анализа на движењата во платниот промет.** | | Анализа на трендовите во платниот промет во Република Македонија и изготвување квартални информации. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| | **Унапредување на заднинското работење согласно со практиките и стандардите за работа на Европската централна банка** | | | | | | | | |
| VI | 16 | 71 | ПС | **Електронско банкарство за извршување на платниот промет на државните органи со странство.** | | Изработка на решение за електронско банкарство за извршување на платниот промет на државните органи со странство, презентација на решението пред корисниците и негово спроведување. | IV квартал | | Нова активност |
| VI | 16 | 72 | ПС | **Изработка на проект за електронско поврзување на извршителите со НБРМ, МФ и ФЗО.** | | Изработка на проект за воспоставување електронски систем за обработка на извршни решенија доставени од извршителите до НБРМ, коишто по обработката ќе се доставуваат електронски до МФ и ФЗО. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| VI | 16 | 73 | ПС | **Понатамошен развој на процесите за управување со готовина и обезбедување.** | | Понатамошен развој на процесите за управување со готовина и обезбедување коишто се поврзани со трансакции склучени заради спроведување на монетарната политика и управувањето со девизните резерви. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| VI | 16 | 74 | ПС | **Формирање бази на статични податоци.** | Започнато е собирањето статични податоци на договорните страни на НБРМ коишто се внесуваат во електронскиот систем ПУБ, а ќе се користат за порамнување на трансакции склучени заради спроведување на монетарната политика и управувањето со девизните резерви. | Формирање бази на статични податоци коишто се потребни за порамнување на трансакциите склучени заради спроведување на монетарната политика и управувањето со девизните резерви. Овие податоци вклучуваат договорни страни, нови инструменти и валути, стандардни инструкции за порамнување, календар на неработни денови и сл. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VI | 16 | 75 | ПС | **Анализа на трошоците поврзани со чувањето хартии од вредност на НБРМ во банките чувари на имот и меѓународните депозитари.** | Направена е анализа на тарифниците на банките чувари на имот и меѓународните депозитари каде што НБРМ ги чува хартиите од вредност, како и анализа на дистрибуцијата на хартиите по овие институции. | Изработка на информација за трошоците и користите од тековната поставеност на чувањето на хартиите од вредност на НБРМ кај банките чувари на имот и меѓународните депозитари за хартии од вредност. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VI | 16 | 76 | ПС | **Изготвување Прирачник за процедурите и интерните правила.** | Иработен е концепт на Прирачник на процедурите и интерните правила. Тековно се работи на изготвување на Прирачникот коешто би требало да заврши во текот на 2016 година. | Изработка на Прирачник на процедурите и интерните правила, согласно со предложениот концепт. | IV квартал | | Нова активност |
| VI | 16 | 77 | ПС | **Изготвување извештаи за порамнување на трансакциите поврзани со управување со девизните резерви.** | Согласно со приоритетите, направен е и ставен е во продукција извештајот „Трансакции коишто чекаат порамнување на ден" според кој се следи порамнувањето на трансакциите поврзани со управувањето на девизните резерви. Исто така, изготвен е извештај за состојбата и промените на девизните сметки на државни органи | Изработка на други извештаи коишто согласно со договорот со АССЕКО се изработуваат од редовните саати за одржување на апликацијата коишто се оптимизираат во согласност со приоритетите. | Среднорочна активност | | Редовна активност |
| VI | 16 | 78 | ПС | **Надградба на електронскиот систем ПУБ со нови и интервенции во постојни модули.** | | Заради измени кај спроведувањето на монетарната политика, управувањето со девизните резерви и извршувањето на платниот промет со странство за потребите на државните органи ќе се изврши надградба на електронскиот систем ПУБ со нови и интервенции во постојни модули. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VI | 16 | 79 | ПС | **Надградба на електронскиот систем за вкрстување „SISx Client".** | | Приспособување на пораките МТ199 коишто домашните банки преку МИПС ги праќаат до Системот за вкрстување и пораката МТ199 којашто од Системот за вкрстување преку МИПС се праќа до ЦДХВ, со цел да се обезбеди информација за девизниот курс при порамнување хартии од вредност со девизна клаузула. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VI | 16 | 80 | ПС | **Порамнување на трансакции склучени заради спроведување на монетарната политика, управувањето со девизните резерви и извршување на функцијата агент на државата.** | | На редовна основа ќе се извршува порамнување на трансакции склучени заради спроведување на монетарната политика, управувањето со девизните резерви, извршување на платниот промет со странство за потребите на државните органи и изготвување на спецификации согласно решенијата за присилна наплата. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| | **Надгледување на платните системи** | | | | | | | | |
| VI | 17 | 81 | ПС | **Работилници со операторите на платните системи за примена на меѓународните стандарди за работа на субјектите од инфраструктурата на финансиските пазари** | Изготвена е информација во којашто е разработена Методологијата за проценка на усогласеноста со принципите за инфраструктурата на финансиските пазари. Остварени се студиски посети во рамки на техничката соработка со ЦБ на Холандија и остварен е проект на ТАИЕКС со ЦБ на Словенија. Преведени се Принципите за инфраструктурата на финансиските пазари и Рамката за обелоденување и методологијата за проценка на ИОСЦП/ЦПСС. Во тек е изработка на нова подзаконска рамка за надгледување на платните системи. | Организација на работилница за презентација на принципите за инфраструктурата за финансиските пазари и споделување искуство со операторите на платните системи. | IV квартал | | Нова активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | **Планирани активности** | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VI | 17 | 82 | ПС | **Изработка на Прирачник за надгледување и Политика за надгледување** | Изработен е првичен предлог на политика за надгледување којашто би се усвоила по донесувањето на новата рамка за надгледување. | Ревидирање на изработената Политика за надгледување и изработка на Прирачник за надгледување. | IV квартал | | Нова активност |
| VI | 17 | 83 | ПС | **Тестирање на плановите за непрекинатост во работењето на ДПС** | Извршени се неколку фази на тестирањето. | Извршување на нови фази од тестирањето со вклучување на банките, КИБС, Касис и ЦДХВ. | III квартал | | Редовна активност |
| **VII. Развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка.** | | | | | | | | | |
| | **Изработување истражувања коишто ќе имаат додадена вредност, во смисла на подобрување на ефикасноста и ефективноста на политиките** | | | | | | | | |
| VII | 18 | 84 | МПИ | **Анализа на ефектите од одделните компоненти на БДП врз невработеноста преку окуновиот закон.** | Разгледана е потребната литература. | Создавање бази на податоци и нивна анализа, емпириска оцена и изработка на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 85 | МПИ | **Анализа на влијанието на ниската инфлација во евро-зоната и ниските светски цени на производите врз инфлациските движења во земјите од Југоисточна Европа** | Разгледана е потребната литература. | Создавање бази на податоци и нивна анализа, емпириска оцена и изработка на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 86 | МПИ | **Анализа на времетраењето и опстанокот на трговските врски на Македонија со нејзините трговски партнери** | Разгледана е потребната литература. | Создавање бази на податоци и нивна анализа, емпириска оцена и изработка на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 87 | МПИ | **Ценовна и доходовна еластичност на извозот и увозот на стоки - случајот со Р. Македонија (панел-пристап)** | Разгледана е потребната литература. | Создавање бази на податоци и нивна анализа, емпириска оцена и изработка на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 88 | МПИ | **Влијанието на капиталните текови врз инвестициите во домашната економија** | Разгледана е потребната литература. | Создавање бази на податоци и нивна анализа, емпириска оцена и изработка на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 89 | МПИ | **Анализа на поврзаноста на финансискиот со економскиот циклус** | Разгледана е потребната литература. | Создавање бази на податоци и нивна анализа, емпириска оцена и изработка на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 90 | МПИ | **Анализа на пристапноста до финансирање за малите и средните претпријатија: значењето на понудата наспроти побарувачката на кредити** | Разгледана е потребната литература. | Создавање бази на податоци и нивна анализа и изработка на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 91 | МПИ | **Посткризно приспособување на тековната сметка во земјите на Централноисточна и Југоисточна Европа** | Разгледана е потребната литература. | Создавање бази на податоци и нивна анализа, емпириска оцена и изработка на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 92 | МПИ | **Изготвување работен материјал за моделите и пристапите за краткорочна прогноза на инфлацијата.** | Поставени се моделите за краткорочна прогноза на инфлацијата | Изготвување на работен материјал. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 93 | МПИ | **Изготвување аналитичка белешка за резултатите од редовните преоценувања на монетарниот пренос преку каматните стапки.** | Концептот на аналитичката белешка е поставен. | | Во текот на годината | | Редовна активност |
| VII | 18 | 94 | МПИ | **Изготвување аналитичка белешка за резултатите од редовните преоценувања на рамнотежниот реален ефективен девизен курс.** | Концептот на аналитичката белешка е поставен. | | Во текот на годината | | Редовна активност |
| VII | 18 | 95 | ФБ | **Поврзаност на фискалната политика и финансиската стабилност** | Проучување слични трудови. | Испитување на расположливоста на податоци и техники за спроведување на анализата. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VII | 18 | 96 | ФБ | **Проучување на можноста за издвојување резервации од страна на банките во зависност од економскиот циклус во кој се наоѓа земјата (dynamic provisioning)** | | Изработка на трудот и испитување на можностите за примена во РМ. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VII | 18 | 97 | ФБ | **Утврдување на детерминантите на нефункционалните кредити на претпријатијата и населението** | Утврдени се детерминантите на вкупните нефункционални кредити | Да се утврдат детерминанти на нефункционалните кредити според сектори. | IV квартал | | Нова активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VII | 18 | 98 | ФБ | **Анализа на влијанието и каналите на пренос на ефектите од економскиот циклус врз растот и стабилноста на финансискиот систем.** | Направени се почетни подготовки и истражувања | Изработка на трудот. | IV квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 99 | ФБ | **Следење и оценка на влијанието од ризикот кај банките од работењето со пензиските и инвестициските фондови врз банкарскиот систем и координација со МАПАС и КХВ** | Разгледани се странските искуства и модели. | Изработка на трудот. | II квартал | | Нова активност |
| VII | 18 | 100 | ФБ | **Развивање модели за оценка на системскиот кредитен ризик** | Утврдување на потребните податоци. | Развивање на моделот. | III квартал | | Нова активност |
| **VIII. Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.** | | | | | | | | | |
| | **Подготовка и дисеминација квалитетни, подетални и навремени макроекономски статистики и подобрување на начинот на прикажување на статистичките податоци и информации пред пошироката јавност** | | | | | | | | |
| VIII | 19 | 101 | СТ | **Активности согласно со планот за приклучување на Р. Македонија кон стандардот на ММФ за статистичко известување СДДС плус.** | | СДДС плус е најновиот статистички стандард на Меѓународниот монетарен фонд за доставување податоци, којшто го следат високоразвиените пазарни економии. Република Македонија планира приклучување кон овој стандард на среден рок.<br>Во текот на годината се планира да се изработат 2 од вкупно 9 нови показатели потребни за пристапување кон СДДС плус. НБРМ е надлежна за 7 показатели, од кои веќе изготвува 4, а до крајот на годината би биле расположливи вкупно 6.<br>Првиот показател се однесува на вложувањата во странство врз основа на портфолио-инвестиции - состојба на сопственичките и должничките хартии од вредност прикажани по рочност, земјата на издавачот, секторот на инвеститорот и валутата.<br>Вториот показател се однесува на вложувањата во должнички хартии од вредност, во земјата и во странство - состојба прикажана по сектори на иматели и издавачи, по принципот „од кого-на кого". | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 19 | 102 | СТ | **Продолжување на активностите поврзани со оцената на потеклото на приливите коишто тековно се регистрираат во рамки на категоријата „приватни трансфери" и нивна соодветна распределба во рамки на билансот на плаќања.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Утврдување и разгледување на прифатливи алтернативни решенија за процена на вистинскиот износ на приливите од дознаки од странство, врз основа на расположливите резултати од досегашните анкети и нивно вкрстување со фактички регистрираните приливи преку официјалните канали.<br>Процена на нерегистрираниот извоз на стоки и услуги, со комбинирање на расположливите информации за приливите на менувачкиот пазар, оценките за сивата економија, туризам, патувања и сл. (соработка со ДЗС).<br>Утврдување на нова предлог-методологија за билансот на плаќања, во делот на приватните трансфери.<br>Спроведување нова анкета за приватните трансфери. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 19 | 103 | СТ | **Рационализација на изворите на податоци за портфолио-инвестиции.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Компаративна анализа на податоците за портфолио-инвестициите добиени од различни извори: (ЦДХВ, ВХВ, ВС-22 и ВС-11), заради рационализација на активностите во НБРМ и намалување на товарот за известување. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 19 | 104 | СТ | **Анализа на квалитетот на податоците за тековите кај статистиката на останатите финансиски институции (ОФИ), како и ревидирање на извештаите за ОФИ поради промена во опфатот на известувачите.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Анализа на квалитетот на примените податоци за тековите кај статистиката на ОФИ. Постојана соработка со известувачите заради подобрување на квалитетот и по потреба, ревидирање на податоците.<br>Изработка на извештајни форми за објавување на податоците за тековите. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 19 | 105 | СТ | **Рационализација на работниот процес за изработка на редовниот монетарен сет податоци.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект во 2015 година. | Автоматизација на процесот на анализа на квалитетот на добиените податоци од известувачите, изработка на споредбени извештаи преку вкрстување на повеќе извештаи за прием на податоците (споредба на податоците добиени од различни дирекции во НБРМ). | Во текот на годината | | Нова активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | 19 | 106 | СТ | **Ревидирање на редовниот монетарен сет податоци согласно со новите статистички стандарди на ММФ (Прирачник за монетарна статистика).** | Ова претставува нова активност којашто треба да започне во 2016 година. | Ревидирање на временската серија на монетарните податоци согласно со препораките од Извештајот на ММФ за монетарната статистика. Воведување соодветен опфат на потсекторот Депозитни институции (Фондови на пазарот на пари, МБПР). Преработување на податоците за паричната маса заради воведување на новиот монетарен агрегат М3. Објавување на ревидираниот монетарен сет податоци на интернет-страницата на НБРМ. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 19 | 107 | СТ | **Активности за унифицирана секторизација на институционалните единици на национално ниво.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Ажурирање и контрола на квалитетот на податоците од централизираната статистичка база на податоци за секторизација на правните субјекти, согласно со базата на институционални сектори од ДЗС.<br>Редовни активности за подобрување на квалитетот на апликативните решенија за поврзување на централизираната база за секторизација со изворите на податоци и извештајните табели од екстерните статистики.<br>Активности поврзани со одобрувањето ограничен пристап до централизираната база на податоци за институционални сектори за одредени известувачи на НБРМ (банки, ЦДХВ). | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 19 | 108 | СТ | **Активности за воспоставување процедури за спроведување на прекршочната постапка за статистичко неизвестување.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Изработка на ново апликативно решение за спроведување на прекршочната постапка, со постепено вклучување различни извори на податоци. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 19 | 109 | СТ | **Подобрување на комуникацијата со известувачите за потребите на статистиката** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Преземање повеќе активности за подобрување на комуникацијата со известувачите, вклучувајќи и дополнување на интернет-страницата на НБРМ, во делот „Статистика - Известување за потребите на статистиката", како и обуки за известувачите. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| VIII | 19 | 110 | СТ | **Подобрување на комуникацијата со корисниците на статистички податоци.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Преземање повеќе активности за подобрување на комуникацијата со корисниците, вклучувајќи и дополнување на интернет-страницата на НБРМ, во делот „Статистика" со нови информации за движењата кај одделни видови статистички податоци и нови сетови на статистички податоци, како и организирање обуки за корисниците. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| VIII | 19 | 111 | СТ | **Анализа на можноста за рационализација на процесот на прибирање податоци за вложувањата во / од странство.** | Активностите треба да започнат во 2016 година. | Анализа на можноста за електронска достава на извештаите ВС 22 и ВС 11, преку воведување контроли на податоците што се внесуваат за кредитите со странство и податоците за краткорочните трговски кредити со базите на веќе доставените податоци за овој тип известувања. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| VIII | 19 | 112 | СТ | **Изградба на алатка за интерни анализи на статистичките податоци и статистички интернет-портал за надворешните корисници на податоците** | Активностите треба да започнат во 2016 година. | Подготовка на документација за спроведување јавна набавка за избор на изведувач на алатката за интерни анализи на статистичките податоци и статистички интернет-портал.<br>Започнувањето со активностите за остварување на проектот се планира за крајот на 2016 година. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| VIII | 19 | 113 | СТ | **Редовно тековно изготвување на постојните податоци и извршување на статистичката функција на НБРМ согласно со Календарот на објавување податоци за 2016 година.** | Постојани активности. | Прибирање податоци и изготвување на макроекономските статистики - монетарната статистика, платниот биланс, меѓународната инвестициска позиција, надворешната задолженост; Изготвување информации за движењата по одделни сектори од пакетите на макроекономски статистики; Ажурирање на базите на податоци; Доставување податоци до соодветните институции корисници на податоци; Објавување статистички податоци; Објавување и редовно ажурирање на метаподатоците за статистичките податоци. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| | **Постепено достигнување на барањата на Европската Унија во однос на опфатот и квалитетот на макроекономските статистики** | | | | | | | | |
| VIII | 20 | 114 | СТ | **Натамошно усогласување на екстерните статистики со меѓународните стандарди.** | Оваа активност претставува дел од среднорочниот проект за усогласување на екстерните статистики со новите меѓународни стандарди. | Автоматизација на дополнителните извештајни табели за надворешниот долг коишто се објавуваат на интернет-страницата на НБРМ или доставуваат до надворешните корисници на податоци.<br>Изготвување дополнителна извештајна табела за надворешниот долг како дел од сетот податоци коишто се доставуваат до Светската банка (табела за усогласување на состојбите со движењата на надворешниот долг).<br>Подобрување на интерните аналитички извештаи за анализа на движењата во надворешнотрговската размена. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 20 | 115 | СТ | **Натамошно усогласување на статистиката на каматните стапки со барањата на ЕУ.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Редовни работни активности за подобрување на квалитетот на податоците, како и активности за изготвување дополнителни извештаи согласно со вонредните барања на корисниците на податоците, како и за потребите на изработка на табелите од кварталниот извештај. | Во текот на годината | | Нова активност |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | 20 | 116 | СТ | **Активности за воспоставување систем за управување, чување, обработка и ракување со статистичките податоци, воспоставување податочен склад. Воедно, оваа активност претставува предуслов за усогласување со барањата на ЕУ од аспект на можностите за поделба по земји, дејности, сектори, инструменти.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект којшто треба да придонесе за рационализација на активностите во областа на статистиката, како и подобрување на квалитетот на податоците. | Изградба на единствен статистички склад на податоци. Пренос на постојните расположливи податоци во податочен склад. Изготување извештаи преку податочниот склад, чување на податоците во податочен склад. Создавање кориснички алатки. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| VIII | 20 | 117 | СТ | **Активности во рамки на процесот на партнерско оценување на РМ од страна на Евростат.** | Активностите треба да започнат во 2016 година. | Партнерското оценување се однесува на усогласеноста со Кодексот за работа на европските статистики и степенот на интеграција со европскиот статистички систем.<br>Пополнување детаљни прашалници за самооценување за одделните статистички истражувања во НБРМ и за НБРМ како овластен носител на статистички истражувања.<br>Доставување на одговорите заедно со потребната дополнителна документација. | Во текот на годината | | Нова активност |
| | **Воведување нови и унапредување на постојните статистички истражувања; создавање нови збирки податоци и информации за интерни потреби; и збогатување на податоците расположливи за надворешните корисници** | | | | | | | | |
| VIII | 21 | 118 | СТ | **Анализа на нов концепт и започнување со активности за подготовка на сетот монетарни податоци согласно со барањата на ЕЦБ, како и новите барања од ЕСА 2010.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Активности и анализа на опфатот на бараните монетарни податоци и најсоодветниот начин за нивен прием, согласно со препораките на ЕЦБ и новите регулативи на ЕУ за статистиката на билансните шеми и статистиката на тековите, како и новите барања од ЕСА 2010.<br>Анализа на можноста за вклучување нови извори за дополнителни податоци за потребите на монетарната статистика.<br>Изработка на концепт за новиот начин на подготовка на сетот монетарни податоци согласно со барањата на ЕЦБ и барањата на ЕСА 2010, како и соодветно идејно решение за софтверските приспособувања. | Во текот на годината | | Нова активност |
| VIII | 21 | 119 | СТ | **Поставување на статистиката на ХВ, преку прибирање податоци за тргувањето со хартии од вредност на домашниот пазар на ХВ.** | Оваа активност претставува дел од веќе започнат среднорочен проект. | Во делот на податоците за ХВ поседувани од резиденти, продолжуваат активностите за поставување на статистиката за ХВ по издавачи и иматели на ХВ.<br>Изготвување софтверско решение за прием и обработка на податоците од ЦДХВ за состојбата и прометот на ХВ тргувани на домашните пазари.<br>Изготвување извештајни табели за ХВ, за потребите на монетарната статистика и статистиката на финансиските сметки.<br>Дефинирање на барањата за податоци за ХВ за потребите на монетарната статистика согласно со регулативите на ЕЦБ.<br>Анализа на потребата за користење и на други дополнителни извори на податоци за потребите на статистиката на ХВ. | Среднорочна активност | | Нова активност |
| VIII | 21 | 120 | СТ | **Воспоставување на статистиката на финансиските сметки за финансиските трансакции и состојби, согласно со СНА 2008 и ЕСА 2010.** | Долгорочен проект. Активностите продолжуваат и во 2015 година. | Активности за изготвување податоци за состојбите и трансакциите на финансиските средства и обврски, согласно со СНА 2008 и ЕСА 2010.<br>Активности за соработка и размена на податоци со Министерството за финансии и Државниот завод за статистика, заради составување финансиска сметка на секторот „држава".<br>Соработка и размена на податоци со Државниот завод за статистика заради подобрување на квалитетот на податоците за нефинансиските претпријатија од различни статистички истражувања.<br>Анализа на можноста за користење на податоците од завршните годишни сметки на правните субјекти од базата на Централниот регистар во НБРМ, за составувањето на финансиската сметка. | среднорочна активност | | Нова активност |
| | **Едукација за доследна примена на рамката за платежна статистика** | | | | | | | | |
| VIII | 22 | 121 | ПС | **Работилници и други форми на комуникација со банките и другите известувачи за доследна примена на новата рамка за платежна статистика.** | Спроведена е анализа на резултатите од спроведената анкета за платежната статистика, изработена е Методологија за платежната статистика на НБРМ, во согласност со методологијата на ЕЦБ и отворен е РС со ДИТ за изработка на апликација за платежна статистика за која се очекува дека ќе биде изработена до крајот на 2015 година. До крајот на годината се очекува и донесување на регулативата за платежна статистика. | Изработка на презентации и организација на работилници за новата рамка за платежната статистика пред банкарскиот сектор и известувачите. Воспоставување на редовна електронска комуникација со банкарскиот сектор и известувачите преку практиката на користење на официјалната интернет-страница на НБРМ за фреквентни прашања и одговори. Исто така, се предвидува изработка на нови извештаи за платежна статистика. | II квартал | | Нова активност |
| **IX. Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки.** | | | | | | | | | |
| | **Постепено јакнење на административните капацитети, како и учество на Народната банка во реформските активности на државата за исполнување на обврските коишто произлегуваат од членството на Република Македонија во Европската Унија** | | | | | | | | |

| Цел | Насока | Активност | Орг. единица | Планирани активности | Преземени активности | Активности коишто треба да се преземат | Краен рок за извршување | | Тековен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IX | 23 | 122 | КГ | **Управување со проектите финансирани од Инструментот за претпристапна помош - ИПА** | Подготвена е и доставена е идеја за проект „Создавање интерна аналитичка алатка и статистички интернет-портал за надворешни корисници" во врска со повикот за аплицирање за Помош при подготовка на проекти (ИПА 2012) до СЕП. Проектот е одобрен и во тек е подготовката на тендерската документација. Исто така во рамките на ИПА повеќекорисничката програма за статистичка соработка, НБРМ како коапликант во соработка со ДЗС, започна иницијални подготовки за учество во заеднички проект за трансмисија на податоци (квартални национални сметки) – ЕСА 2010. | Редовна комуникација со оперативната структура на ИПА во однос на подготвување стратешки документи, редовни извештаи, податоци и анализи; учество на состаноци, координативни средби, обуки и тренинзи. Подготвителни активности во однос на спроведувањето на одобрениот проект „Создавање интерна аналитичка алатка и статистички интернет-портал за надворешни корисници". Следење на активностите коишто произлегуваат од повеќекорисничката програма за статистичка соработка на ИПА 2014, како и други проекти на ИПА во коишто НБРМ учествува како сокорисник. | Во текот на годината | | Редовна активност |
| IX | 23 | 123 | КГ | **Следење и координација на процесот на пристапување на НБРМ во Европскиот систем на централни банки** | Редовни активности во однос на организацијата и координацијата на активностите на НБРМ во подготвката на националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), Економската програма за реформи (ЕРП), како и во спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА). Подготовка на редовен придонес, како и Преглед на наоди од Извештајот на ЕК за напредокот на РМ во 2015. | Редовни активности во однос на организацијата и координацијата на активностите на НБРМ во подготвката на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), Економската програма за реформи (ЕРП), како и во спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА). Подготовка на редовен Преглед на наоди од Извештајот на ЕК за напредокот на РМ; Редовно ажурирање на Матрицата за следење на препораките од извештајот „Анализа на потребите на НБРМ". | Во текот на годината | | Редовна активност |
| IX | 23 | 124 | КГ | **Организирање на Петтата меѓународна истражувачка конференција.** | По повод одбележувањето на годишнината од монетарното осамостојување на Република Македонија, традиционално се организираат конференции на кои учествуваат повеќе истражувачи од академските институции и институциите коишто изготвуваат политики. | Организациски активности на Кабинетот на гувернерот и главниот економист во врска со одржувањето на Конференцијата и доделувањето на редовната годишна награда на НБРМ за најдобар труд во областа на макроекономијата од млад истражувач. | II квартал | | Редовна активност |
